Институт за човекови права

МЕТАМОРФОЗИС | МЦЕТ | REACTOR research in action

## *АКЦИСКА МРЕЖА ЗА ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ*

# *А Н А Л И З А*

## *НА*

## *Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер,*

## *постапката пред органите и комисијата,*

## *употреба на правните лекови и судска заштита*

## *преку постапките иницирани од новинари*

*Скопје, февруари 2015 година*

**Овој документ е продуциран со финансиска поддршка од Европската Унија. За содржината на овој документ целосно е одговорен Институтот за човекови права и во никој случај не ги рефлектира ставовите на Европската Унија.**

# Вовед:

Со законот за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер кој започна да се применува од 1 септември 2006 година се уредуваат условите, начинот и постапката за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат органите на државната власт и други установи и институции утврдени со закон, органите на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, јавните установи и служби, јавните претпријатија, правни и физички лица што вршат јавни овластувања и дејност од јавен интерес, утврдени со закон.

Со овој закон се обезбедува јавност и отвореност во работењето на имателите на информации, и им се овозможува на физичките и правните лица да го остваруваат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. [1]

На меѓународен план, правото на пристап до информации од јавен карактер прв пат беше признаено уште во 1946 година, со Резолуцијата 59 (И), која што беше усвоена од страна на Обединетите нации и според која „Слободата на информирање е основното човеково право". Подоцна правото на пристап до информациите е загарантирано со Универзалната декларација на човековите права утврдена во 1948 година со членот 19 и со Меѓународниот пакт за граѓански и политички права од 1966 година.[2]

Понатаму, правото на слободен пристап до информации се уредува на регионални нивоа. Значаен е придонесот на Советот на Европа, чиј документ за гарантирање на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер е Конвенцијата за пристап до службените документи, усвоена во 2008 година од страна на Комитетот на министрите. Нашата земја е потписничка на овој документ од 2009 година. Но, за да стапи во сила овој документ треба да биде ратификуван од најмалку 10 земји членки на Советот на Европа[3]

Правото на слободен пристап до информации од јавен карактер започна да добива значење кај нас во последните неколку години. Со самото донесеување на законот се формираше Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.[4]

Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер според закон е обврзана еднаш годишно (во средствата за јавно информирање, билтен, интернет страница) да објавуви листа на иматели на информации од јавен карактер и на одговорното лице на имателот на информации.

---

[1]**Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, „ Службен весник на РМ" бр. 13/2006;**
[2]Универзална декларација за човековите права, http://www.un.org/en/documents/udhr/, 2014;
[3] Council of Europe Convention on Access to Official Documents
CETS No.: 205, http://conventions.coe.int;
[4] основана со Одлука на Собранието на РМ бр. 07-1849/1 од 28 април 2006 година. („Службен весник на РМ" бр. 57/2006).

Имателите на информации се должни според закон да имаат определено службени лица кои ќе посредуваат и ќе укажуваат помош при остварувањето на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

## 1. ***НАДЛЕЖНОСТ НА КОМИСИЈАТА:***

Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер одлучува по жалби против решенијата и заклучоците со кои имателите на информации го одбиле барањето за пристап до информации од јавен карактер, не одговориле на доставените барања или делумно или нецелосно одговориле. Комисијата, според закон, одлучува во рок од 15 дена од поднесување на барањето. Во пракса, комисијата два пати месечно одржува седници на кои одлучува по поднесените барања.

Комисијата, според своите законски надлежности: подготвува и објавува листа на иматели на информации, врши едукацијата на имателите на информации за овозможување на слободен пристап до информациите со кои тие располагаат, соработува со имателите на информации во однос на остварувањето на правото на пристап до информации, подготвува годишен извештај за својата работа кој го доставува до Собранието , донесува Статут, како и други акти со кои го уредува начинот на работа и организацијата на Комисијата.

Комисијата по поднесена жалба до нив може да донесе решение со кое ќе му наложи на имателот на информација да ја даде бараната информација, ќе наложи повторно да се разгледа барањето и да се отстранат евентуалните неправилности, ќе го потврди решението или ќе донесе заклучок со кој се запира постапката доколку имателот на информација или барателот, помеѓу поднесување на жалбата и седницата на Комисијата кога се одлучува по жалба, достават известување дека информацијата е добиена, односно е постапено по барањето.

Против решенијата на Комисијата дозволена е тужба до Управниот суд, кој одлучува како судска инстанца во прв степен.

# *2. ИМАТЕЛИ НА ИНФОРМАЦИИ:*

Законот за слободен пристап до информации од Јавен карактер ги користи следниве термини:

„**Иматели на информации**“- се органите на државната власт и други органи и организации утврдени со закон, органите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, установите и јавните служби, јавните претпријатија, правни и физички лица што вршат јавни овластувања, утврдени со закон; **(или, сите органи и организации кои користат јавни, буџетски пари, вклучувајќи ги и невладините организации во делот на фнансирање и трошење на средства за проекти кои се финансирани и поддржани од *македонскиот* Буџет)**

„**Информација од јавен карактер**“ е информација во било која форма што ја создал и со која располага имателот на информации согласно со неговите надлежности. Ова значи дека, Законот предвидува пристап до информации кои веќе постојат и не наметнува обврска за имателите да креираат нови информации **(што е чест пример за одбивање на барањата, бидејќи имателот се повикува на околноста дека не ја поседува бараната информација)**

„**барател на информација**“ е секое правно и физичко лице без дискриминација по која било основа, на начин и под услови утврдени со овој и друг закон;

„**документ**“ е секој запис на информација без оглед на нејзината физичка форма или карактеристики, пишан или печатен текст, карти, шеми, фотографии, слики, цртежи, скици, работни материјали, како и звучни, гласовни, магнетски или електронски, оптички или видео снимки во која било форма, како и пренослива опрема за автоматска обработка на податоци со вградени или преносливи мемории за складирање на податоците во дигитална форма;

„**службено лице**“ е лице вработено кај имателот на информации назначено со акт на одговорното лице, кое посредува со информациите од јавен карактер што ги создал или со кои располага имателот на информации согласно со неговите надлежности **(праксата покажува дека многу институции немаат назначено вакво лице во институциите, или истото е променето а на веб страниците фигурираат меил и телефон од лице кое било а сега не е на таа позиција, или воопшто не работи во институцијата. Во некои случаи портпаролот е и службено лице, иако работните обврски им се различни)**

„**тест на штетност**“ е задолжителна постапка што треба да ја спроведе имателот на информацијата, пред да го одбие пристапот согласно член 6 од Законот, а со кој ги проверува последиците врз интересот кој се заштитува, односно јавниот интерес што би се постигнал со објавувањето на информацијата.

**(Барателите на информации во случаите кога се одбиени треба да го нагласуваат во жалба елементот за тест на штетност, доколку тоа не е наведено во решението или тестот на штетност преку даденото образложение не дава доволно убедливи аргументи за неговата оправданост)**

## 3. ***ИСКЛУЧОЦИ КОГА ИНФОРМАЦИЈАТА НЕ МОЖЕ ДА СЕ ДОБИЕ***

Органот, имател на информации може да го одбие барањето за пристап до информација, доколку информацијата е:

1.**класифицирана информација со соодветен степен на тајност;**

2.**личен податок чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци;**

3.**информација за архивското работење која е утврдена како доверлива;**

4.**информација чие давање би значело повреда на доверливоста на даночната постапка;**

5.**информација стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка, за спроведување на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката;**

6.**информација, што се однесува на комерцијални и други економски интереси, вклучувајќи ги и интересите на монетарната и фискалната политика и чие давање ќе има штетни последици во остварувањето на функцијата;**

7.**информација од документ што е во постапка на подготвување и се уште е предмет на усогласување кај имателот на информации, чие откривање би предизвикало погрешно разбирање на содржината и**

8.**информација која ги загрозува правата од индустриска или интелектуална сопственост (патент, модел, мостра, стоковен и услужен жиг, ознака на потеклото на производот).**

Законот предвидува дека информациите кои се утврдени со одреден степен на тајност, стануваат достапни кога ќе престанат причините за нивната недостапност. По исклучок, кај доверливите информации, имателите на информации ќе одобрат пристап до информација, по задолжително спроведениот тест на штетност, со кој ќе се утврди дека со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој се заштитува се помали од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата.

Обврската за тестот на штетност прецизно е дефинирана, но во законот не е пропишана постапката по завршување на тестот за штетност. Ваква законска недефинираност е регистрирана и во законодавствата на другите земји, па од тука, тестот на штетност не секогаш ја исплонува целта.

Од тука, бројот на исклучоците и во прописите и во праксата мора да биде ограничен и строго резервиран бидејќи нема пишана дефиниција на тестот. Тестот се спроведува само за исклучоците од слободниот пристап, вклучувајќи ги и класифицираните документи и лични податоци. Додека, се друго е (треба да биде) слободно и достапно на граѓаните.

Законот во овој дел е многу либерален и не предвидел исклучоци од правењето на тест за штетност, па од тука, на барање на граѓанинот, имателот на информација треба да направи тест за сите информации, вклучувајќи ги и документите класифициран со највисок степен на класификација, „ државна тајна“  или заштитените лични податоци кои се подложни на преиспитување низ тестот на штетноста, доколку се оцени дека јавниот интерес преовладува над приватниот.

# 4. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ТЕСТ НА ШТЕТНОСТ

Тестот на штетност се спроведува во три дела.

-**Информацијата мора да е во однос со легитимната цел наведена во законот.** (Исклучокот мора да биде заснован односно точно предвиден и опишан во закон). Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер тоа го определува во членот 6, каде што се предвидени 8 исклучоци, наведени погоре.

-**Дали со пристапот се овозможува суштинска штета за таа заштитена цел.** Спроведувајќи го тестот имателот мора да обезбеди доказ дека откривањето на бараната информација ќе го оштети, односно ќе му нанесе значителна повреда на заштитениот интерес **(ова секако е суштината на тестот иако праксата покажува дека секогаш е тешко да се измери штетата).**

-**Штетата што би и се нанела на заштитената цел мора да биде поголема од јавниот интерес да се открие таа информација** (откривањето на информацијата сепак треба да биде примарна цел, а штетата мора да биде голема и очигледна и без дополнителни објаснувања).

**Она што е особено важно, а што може да има големо значење за имателите на информации, вработените кај нив, новинарите или граѓаните е и одредбата дека „се ослободува од одговорност вработен кај имателот на информации кој на барателот ќе му даде заштитена информација која е од значење за откривање на злоупотреба на службена положба, односно за откривање корупција, како и во случаи кога со дадената информација се спречуваат сериозни закани по здравјето на луѓето или по животната средина“.**

Комисијата има донесено упатство во кое ги разработува постапките и овластувањата на имателите на информации и во него укажува дека:

-**ако бараниот документ или негов дел содржи информации (со степен на тајност) кои што можат да се одвојат од документот без притоа да се загрози неговата безбедност, имателот на информации ги одвојува тие информации од документот (со нивно бришење или прикривање при копирање) и го известува барателот за содржината на останатиот дел од документот. Доколку бараниот документ содржи лични податоци кои се заштитени согласно Законот за заштита на личните податоци тие се бришат.**

Секој имател на информации е должен со акт да определи едно или повеќе службени лица за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации, кое ќе контактира со барателите и ќе ги дава потребните информации. Службеното лице има обврска да ја спроведе постапката по барањето за пристап до информации од јавен карактер да им помага на барателите, со цел на брз и едноставен начин, со помалку трошоци и помалку губење време, да ја добијат бараната информација со што ќе го остварат своето право кое им е гарантирано со Уставот, а операционализирано во Законот.

Назначувањето на службеното лице претставува олеснување за барателот, бидејќи тој однапред знае кој треба да постапува по неговото барање. Службеното лице е должно на барателот да му даде соодветна помош при дополнување на барањето.

Имателот на информацијата на барателот треба да да му го обезбеди образецот на барањето за пристап до информации, утврден од Комисијата и да обезбеди простории за увид во бараните информации. Увидот во бараните информации е бесплатен. Треба да подготви листа на информации со кои располага и да ја објави на лесно достапен начин за јавноста (интернет страница, огласна табла), преку која ќе можат барателите лесно да се информираат за информациите со кои располага имателот.

Листата на информации треба редовно да ја ажурира имателот, а основ за одбивање на барањето не може да биде образложение дека бараната информација не се наоѓа на листата на информации. Основ за одбивањето на барањето може да биде само член 6 од Законот.

Тој кој ја има информацијата мора да овозможи бесплатен пристап до информациите од јавен карактер. Ако бараната информација е од поголем обем, имателот може да бара барателот да го даде однапред надоместокот за покривање на реалните трошоци за добивање на информацијата, а кои се однесуваат на копирање, печатење или добивање во друга форма.

Владата има донесено одлука со која се утврдуваат трошоците за добивање на информации согласно овој закон.

Секој имател на информации, односно службеното лице за посредување со информации од јавен карактер треба да подготви годишен извештај за спроведување на Законот, за период од 1-ви јануари до 31-ви декември, и да го достави до крајот на јануари во Комисијата.

## 5. *НАЧИН НА БАРАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИТЕ*

**Она што е посебно важно, е постапката за остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, која за многумина баратели претставува пречка и често се одбиени поради непознавање на процедурата.**

Барањето информации може да го биде: усно, писмено, во електронска или друга форма. Доколку барањето се доставува писмено и непосредно до органот, имател на информацијата, тогаш на примерокот кој останува кај барателот треба да биде ставен приемен печат со датум на прием. Доколку барањето се поднесува писмено и преку пошта, најдобро е тоа да биде со препорачана пратка, бидејќи со поштенскиот прием или побратница се докажува датумот кога е испратено или примено барањето. Ова е важно, бидејќи од датумот на приемот тече рокот утврден во законот за постапување по барањето.

Доколку барањето е поднесено во електронска форма тогаш имателот треба да го испечати и да го заведе во уписникот. Постапката по него продолжува како да е поднесено во писмена форма, а доставувањето на бараната информација треба да биде во бараната форма. Тој што ја бара информацијата може да добие пристап до истата со увид, да побара препис, фотокопија или електронски запис.

## 5.1. *УСНО БАРАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА*

Доколку барателот поднесе усно барање за пристап до одредена информација, тој што ја има информацијата должен е да му обезбеди доволно време за запознавање со содржината на информацијата, за што службеното лице треба да состави службена белешка. Доколку информацијата претставува исклучок од слободниот пристап, утврден во членот 6 од Законот, тогаш службеното лице треба да подготви решение со кое ќе го одбие пристапот до бараната информација.

Доколку имателот одговори позитивно на усното барање, тогаш е должен веднаш, или најдоцна во рок од 5 дена, да го запознае барателот со содржината на бараната информацијата, во форма која е наведена во барањето.

Доколку имателот го одбие барањето , или доколку воопшто не одговори, или пак барателот има писмен или устен приговор на начинот на запознавањето, службеното лице за посредување со информации е должно да изготви заклучок, против кој барателот има право на жалба до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер. Во заклучокот се внесуваат податоци за барателот, датум за прием на барањето и да го извести барателот за посебното барање, односно за бараната информација. Ако е одбиено усното барање понатаму постапката продолжува како да е поднесено писмено барање.

## 5.2.*ПИСМЕНО БАРАЊЕ*

Барањето за пристап до информации може да се поднесе и во писмена форма. Барањето се доставува до имателот на информации кој одлучува за истото, според постапката утврдена со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Доколку некои прашања не се уредени со овој Закон, тогаш се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка.

Формата на образецот на барањето за пристап до информации од јавен карактер, е утврдена од Комисијата и по правило барателите барањата треба да ги доставуваат на овој образец, но тоа не е услов. Барањето освен на наведениот образец, може да се поднесе и во друга форма (усно или во електронски запис).

Образецот кој е пропишан од Комисијата и кој може да се најде на веб страниците на Комисијата и на имателите на информации е следен:

( Образец ПП……)
До ---------------------------------------------------------------------------
(имател на информацијата)

БАРАЊЕ
за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на РМ бр. 13/06, бр.86/08 и бр.6/10), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:
----------------------------------------------------------------------------------------------------
(опис на информацијата која се бара)
Форма во која се бара информацијата:
- а) увид - б) препис - в) фотокопија - г) електронски запис
- д) друго---------------------------------------------------------------------
(се наведува бараната форма, со заокружување)
Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта - б) телефон - в) факс - г) е-маил
- д) друго----------------------------------------------------------------------
(се наведува бараниот начин, со заокружување)
Барател на информацијата:-----------------------------------------------------------------
(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)
Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
----------------------------------------------------------------------------------------------------
(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)
(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Сепак, барателот не мора барањето за пристап до информации да го достави на вака утврдениот образец, иако со него се поедноставува постапката за подготвување на барањето. Барањето може да биде поднесено и на обичен поднесок кој важно е да ги содржи податоците предвидени во членот 16 на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и во него да наведе дека информациите ги бара согласно тој Закон. Тоа се име и презиме на барателот, адреса и контакт податоци. Во барањето не се пишува, ниту имателот на информација има право да бара од барателот да ја каже целта за која ја бара информацијата.

Доколку во барањето не е наведен Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а според предметот на барањето произлегува дека се работи за барање за пристап до информации согласно со овој закон, имателот на информацијата е должен да го разгледа барањето во согласност со овој закон и да му одговори на граѓанинот. Тоа барање мора да содржи назив на имателот на информацијата, личното име и презиме на барателот на информацијата, негова адреса, телефонски број или е-маил адреса, податоци за можниот застапник или полномошник, фирмата или правното лице за да може да се постапи по него.

Во барањето мора да се наведе и начинот на кој сака да се запознае и на каков начин сака да се запознае со содржината на бараната информација (увид, препис, фотокопија, електронски запис или друго).

Доколку институцијата до која е испратено барањето не располага со бараната информација веднаш, а најдоцна во рок од три дена од денот на приемот на барањето, е должна да го препрати барањето до имателот на информации кој според содржината на барањето е имател на информацијата и за тоа ќе го извести барателот. Доколку барателот е неука странка која не нае точно кој располага со бараната информација и барањето го достави до несоодветен имател, тогаш, тој имател е должен барањето во рок од три дена да го препрати до имателот на информации кој според содржината на барањето е имател на информацијата.

На ваков начин е запазено начелото за помош на неука странка, регулирано во Законот за општата управна постапка или на странка која поради преименување, спојување или укинување со спојување на институции или префрлање на надлежности од централно на локално ниво не знае кој е имател на информација, да може да го оствари своето право.

Во овој случај, рокот за добивање на информацијата почнува да тече од денот на добивањето на барањето кај имателот на информацијата на кој му е препратено барањето, но тој рок не може да биде подолг од 7 дена од приемот на барањето во

првата институција, која мора да го препрати најдоцна во рок од 3 дена доколку не е имател на информацијата.

## 6. ОДГОВОР НА БАРАЊЕТО

Во случај кога имателот на информации позитивно ќе одговори на барањето, веднаш му овозможува на барателот запознавање со содржината на бараната информација и тоа со увид, фотокопија или електронски запис, за што ќе подготви записник. За позитивен одговор се смета доколку барателот го прифатил барањето и го реализирал, односно до барателот ја доставил бараната информација.

За позитивен одговор се смета и постапувањето на имателот во случај кога согласно член 18 од Законот, го препратил барањето до имателот на информации, доколку тој не е имател.

За позитивен одговор се смета и заклучокот со кој имателот ја прекинува постапката, затоа што не располага со бараната информација, против кој е дозволена жалба до Комисијата.

Доколку барателот веќе добил позитивен одговор за пристап до одредена информација, а во рок од шест месеци поднесе барање за пристап до истата информација и кај истиот имател, имателот нема обврска пак да одговара на барањето, туку со заклучок ќе ја прекине постапката. Против наведениот заклучок имателот има право на жалба до Комисијата. Овде ќе се цени само елементот дали бараната информација претрпела корекции или дополнувања.

Кога барателот ќе добие информација но од неа произлегло барање за дополнителна информација поврзана со истиот документ, тогаш треба да се поднесе ново барање согласно со членовите 15 и 16 од Законот, заедно со одговорот кој веќе бил добиен.

Кога барателот ќе биде запознаен со информација која не ја навел во своето барање, односно кога на барателот случајно или намерно му е доставена друга информација, а не таа што е наведена во барањето, тогаш барателот треба да поднесе ново барање, а имателот е должен по новото барање да постапи во рок од 10 дена од неговиот прием. Во овој случај затоа што се работи за повторно барање, општиот рок за одговор на барањето 30 дена е скратен на 10 дена. Кај ваквите случаи се смета дека постои молчење на администрација, доколку во рок од 10 дена, имателот на информации не одговорил на барањето на странката, за што може да се поднесе жалба до Комисијата.

Доколку во рок од 30 дена не му биде овозможен пристап до информацијата и ако не донесе и не му достави на барателот решение за одбивање, се смета дека барањето е одбиено по што може да се поднесе жалба. Во овој случај се работи за правна презумпција дека барањето на странката се смета за одбиено доколку во рокот предвиден во Законот, имателот на информации не одговорил на барањето, односно не донел и не доставил никакво решение до барателот.

Во ваков случај иако имателот не подготвил и не доставил никаков акт до имателот, се смета дека барателот добил решение за одбивање на барањето. Ова е многу значајно за барателот затоа што по истекот на законски предвдениот рок, барателот има право да поднесе жалба до Комисијата.

Имателот на информацијата е должен веднаш да одговори на барањето на барателот, или најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето. По правило информацијата имателот ја доставува до барателот во форма наведена во барањето, а предвидена во Законот.

Од наведеното правило е предвиден исклучок и тоа, ако бараната информација веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна до јавноста и ако е поповолно за барателот информацијата да се достави во поинаква форма од бараната, за што имателот на информацијата ја образложува причината за ваквиот начин на доставување.

На пример: доколку барателот има електронска пошта, а бара фотокопија од одредена информација, а имателот ја има во електронска форма, тогаш заради избегнување на трошоци за фотокопирање и доставување по пошта, бараната информација може да биде доставена и по електронска пошта.

Рокот за одговор на барањето за пристап до информацијата може да биде продолжен но најмногу до 40 дена само во случај кога бараниот документ е обемен, или ако имателот треба да овозможи делумен пристап до бараната информација.

Тоа значи дека доколку бараниот документ содржи информации наведени во членот 6 (доверливи документи со степен на тајност) и доколку тие можат да се одвојат од документот, а при тоа тој да не изгуби од својата содржинна, имателот на информации е должен да ги одвои, а останатиот дел од документот да го достави до барателот. Ваквите случаи како и обемните информации бараат дополнително време за постапување на имателот.

При продолжувањето на рокот имателот е должен да го извести барателот и во известувањето да ги образложи причините за истото. Наведеното известување треба да го достави до барателот најдоцна три дена пред истекот на законскиот рок од 30 дена,

односно 27 – от ден од денот на приемот на барањето. Ако такво известување три дена пред истекот на рокот не биде доставено до барателот, по изминувањето на 30 дена од приемот на барањето, станува збор за молчење на имателот и барателот има право да поднесе жалба до Комисијата.

Рокот за поднесување на жалба во овој случај не е ограничен, односно барателот може да поднесе жалба до Комисијата се додека има потреба од бараната информација и мисли дека му е повредено правото до нејзин пристап.

## 7.*ЖАЛБЕНИ ПОСТАПКИ*

Право на правна заштита, односно право да поднесе жалба до Комисијата, има само барателот кој поднел писмено барање за пристап до информации од јавен карактер.

Барателот, има право да поднесе жалба до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, во следните случаи:

- **против решението со кое имателот на информацијата во целост или делумно го одбил барањето**;

- **ако имателот на информацијата во рок од 30 односно 40 дена во случаи кога рокот му е продолжен**, или во рок од 10 дена кај повтореното барање, не му овозможил на барателот пристап до информацијата и ако не донел и не му доставил на барателот решение за целосно или делумно одбивање на пристапот (молчење на администрација). Во овој случај рокот за поднесување на жалба е неограничен;

- **против заклучокот за запирање на постапката** (со кој имателот констатира дека барањето е повлечено)

- **против заклучокот на имателот за прекинување на постапката** (кога имателот ќе утврди дека не располага со бараната информација);

- **против решението за отфрлање на барањето.**

Во сите случаи кога имателот донел акт рокот за поднесување на жаба е 15 дена, од денот на приемот на актот. Жалбената постапка пред Комисијата се спроведува согласно одредбите од Законот за општата управна постапка.

Жалбата (согласно член 28 од Законот) може непосредно или преку пошта да се поднесе директно до Комисијата, или согласно Законот за општата управна постапка

преку имателот на информации во натамошниот текст (првостепениот орган) до Комисијата. Жалбата може да се поднесе и преку факс.

Жалбата треба да содржи: име и адреса на имателот на информации; назив, име, адреса, телефон, фах, е-маил на барателот; назив, име, адреса, телефон, фах, е-маил на имателот на информацијата.

**ФОРМА НА ОБРАЗЕЦ ЗА ЖАЛБА**

(Образец ПП.......)

**ДО**
**Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер**
- Согласно член 28 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ја поднесувам следнава:

Предмет: **Ж А Л Б А**

подносител:---------------------------------------------------------------------------------
(назив, име и презиме, адреса, тел., фах, е-маил на барателот на информацијата)

жалбен основ:-------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------

(податоци за имателот на информацијата, причините поради кои барателот не ја добил информацијата, број на решение со кое имателот го одбил барањето, или доказ за пропуштен рок од имателот)
(Правна поука: Против решението на Комисијата може да се поднесе тужба за поведување управен спор до надлежниот суд)

Во.................. ---------------------------------
Датум:............. год. (с.р. потпис на барателот)

Кога жалбата е предадена или испратена непосредно до Комисијата таа веднаш, ја препраќа до првостепениот орган со барање тој во рок од три дена да се произнесе по истата и до Комисијата да ги достави сите списи во врска со предметот.

Првостепениот орган испитува дали жалбата е допуштена, навремена и изјавена од овластено лице. Ако жалбата е недопуштена, ненавремена или поднесена од неовластено лице, првостепениот орган ќе ја отфрли со решение. Ако првостепениот

орган најде дека жалбата е оправдана, може поинаку да постапи и со ново решение да го замени оспореното решение.

Ако првостепениот орган најде дека жалбата е допуштена, навремена и изјавена од овластено лице, а смета дека нема причина да постапи поинаку, односно останува на решението против кое е поднесена жалбата, тој е должен жалбата, произнесување по истата и сите списи во врска со предметот, да ги достави до Комисијата. На тој начин и се овозможува на Комисијата да изврши увид во предметот и да оцени дали првостепениот орган постапил правилно и законски.

# 8. ***ПОСТАПКИ ИНИЦИРАНИ ОД НОВИНАРИ ПРЕД КОМИСИЈАТА ВО ПОСЛЕДНИТЕ ТРИ ГОДИНИ***

Користејќи го правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, Институтот за човекови права од Скопје, во рамки на проектот „Прашувај“ побара податоци од Комиисијата за: „Колку решенија/заклучоци или други правни акти се донесени од страна на Комисијата за слободен пристап, по жалби на новинари или медиуми, против акти на иматели на информации во текот на 2012, 2013, и 2014 година?“.

Во рок од 7 дена, Комисијата го достави следниов одговор:

-**Во текот на 2012 година, Комисијата донела 6 решенија, од кои 5 по жалби на новинар и едно по жалба на медиум. Биле донесени и 4 заклучоци по жалба на новинар.**

**-Во текот на 2013 година, Комисијата донела 5 решенија и 5 заклучоци по жалба на новинари.**

**-Во текот на 2014 година, заклучно со месец октомври, Комисијата донела две решенија по жалба на новинар.**

Ваквата статистика може да се толкува во неколку насоки. Дека новинарите малку го користеле законот или малку поднесувале правни лекови кога биле одбиени нивните барања или воопшто не им било одговорено, или пак дека институциите одговарале на барањата па од тука немало голем простор за поднесување на правни лекови.

Комисијата ја отфрлила жалбата на новинар од Скопје, поднесена против заклучокот на Владата, секретаријат за европски прашања, кои на барањето. „Колку раководители на сектори се примени во СЕП во 2009, 2010, 2011, колку од старите раководители се преместени на други позиции, кои се тие позиции и колку го напуштиле

СЕП, молиме за имиња и презимиња“одговориле дека не располагаат со бараната информација.

Комисијата, со заклучок од од мај 2012 година, ја запрела постапката по жалба на новинар против Министерството за култура, затоа што во меѓувреме бил добиен одговор на прашањата за тоа кој биле понудувачи за изграба на Стариот театар во Скопје, на музејскиот комплекс, колку анекси биле склучени надвор од основниот договор и колку пари биле доделени од Министерството за култура за невладини оргнизации и кои се тие за 2010 и 2011 година.

Со заклучок од јуни 2012 Комисијата ја прекинала постапката по жалба на новинар против Град Скопје поради формални недостатоци на жалбата. Подносителот, кој не добил одговори од Градот Скопје, поднел заедничка, а не поединечна жалба, а недостатоците не ги отстранил во рок од 3 дена по укажување на Комисијата, по што таа ја прекинала постапката поради неуреденост на жалбата.

Со решение од јануари 2014 Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер ја одбила како неоснована жалбата на новинар од весникот „Дневник“од Скопје и го потврдила решението со кое Агенцијата за супервизија на осигурувањето одбила да му достави информација: „Дали и кога „Кроација осигурување го има исплатено осигурувањето за *Македонска* пошта, во врска со пожарот во јануари 2013 година“.

Барањето било одбиено според член 6 став 1 точка 5 од Законот за слободен пристап кој утврдува дека може да се одбие барањето доколку станува збор за информација стекната или составена за истрага, како и дека при донесување на Решението, Агенцијата за супервизија на осигурувањето го спровела задолжителниот тест на штетност и одлучила да го одбие осигурувањето.

Комсијата смета дека Агенцијата законски постапила во конкретниот случај кога го одбила барањето.

**Овој случај, сепак остава сериозен простор за дебата, дали во конкретниот случај, навистина може да стане збор за информација која е составена или стекната за истрага, и истата би предузвикала штета доколку се објави, тгледајќи го јавниот интерес околу известувањето на опожарување на објектот на „*Македонска* пошта“. Во конкретниот случај, пожарот беше настан во време кога истекол периодот на осигурување, а во тек била постапка за избор на осигурување во „*Македонска* пошта“ па остана неодговореното прашањето дали „Кроација осигурување“ ќе прифати да ја надомести ретроактивно и штетата настана во вакум периодот кога објектот немал осигурување како што тврдеа директорите на претпријатието?**

Од тука, основано се поставува прашањето која штета би била предизвикана на истрагата, доколку било одговорено прашањето дали и кога се исплатени средства, знаејќи дека станува збор за писмени документи, кои не се составени за потребите на истрагата, туку се облигаторна обврска помеѓу друштвото и Агенцијата, а доколку тој документ бил користен во рамки на истрагата, со ништо не може да и наштети на текот на истрагата која е фокусирана на утврдување на причинско-последичните врски за настанување на пожарот и утврдување на одговорност.

Надоместокот на штетата за кој се интересирал новинарот не е директно врзан за дејствијата кои би ја нарушиле тајноста на истрагата, како што заклучиле Агенцијата и Комисијата прифаќајќи дека Јавното обвинителство покренало постапка за пожарот и оштетното побарување односно бараната информација може штетно да влијае на истрагата.

**Затоа, Комисијата треба да иницира поширока дебата и да ги преоценува случаите кога се одбиени барањата повикувајќи се на документи стекнати или користени во истрага, бидејќи тоа може да биде преседан и повикувајќи се на оваа пракса институциите да ги одбијат сите барања, а со тоа да влијаат на јавниот интерес, бидејќи во овој случај новинарот нема алтернатива за барање на одговор, бидејќи Јавниот обвинител и судот не се адресата од кои може да ја побара информација, независно што истите ја поседуваат.**

Со заклучок од јули 2012 комисијата ја запрела постапката по жалба против Министрството за земјоделство, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството, затоа што новинарот во меѓувреме ја добил бараната информација: „На колку и им се доделени субвенции во 2009, 2010, 2011, поединечно по земјоделец, по месец и според основот“.

Овој, како и претходно споменатите примери на запрени постапки со заклучок покажуваат дека институциите го користат максималниот рок за одговарање или неодговарање по барањата, но нема ниту еден доказ дека имале реално толку време потребно за постапување по барањето.

**Комисијата ја одбила жалбата на новинар и го потврдила Решението на Генералниот секретаријат на Владата кој го одбил пристапот и не одговорил позитивно на барањето на следново прашање: Преглед на број на емитувања во електронските и број на огласи во печатените медиуми за кампањата „Осмели се“.**

**Генералниот Секретаријат се повикал дека бараната информација и како таква била означена во договорот, па нејзиното откривање ќе предизвика штета, бидејќи**

**предметната понуда на маркетинг агенцијата, а со тоа и планот за медиумско рекламирање била означена како деловна тајна од страна на економскиот оператор.**

**Комисијата, како што наведува во решението, пред донесување на одлуката нејзин член извршил увид во бараната информација и утврдил дека е класифицирана со степен на тајност „интерно“. Комисијата прифатила дека според Законот за класифицирани информации и степенот „интерно“ со неовластено откривање може да предизвика штета и ја одбила жалбата на новинарот.**

И во овој случај според нас има сериозен простор за дебата, околу остварување на јавниот интерес и демократската контрола над трошењето на јавните, буџетски пари.

Бидејќи кампањата се реализира со средства од Буџетот, планот за рекламирање би можел да имаштетни последици само до почетокот на реализирање на кампањата, но не и подоцна. Само на овој начин, со добивање на медаи планот, новинарот ќе можел да спроведе сопствено истражување, да ги спореди ценовниците во медиумите каде што биле емитувани рекламите, па да го спореди реалното чинење на рекламната кампања наспроти прикажаното, аво исто време да утврди дали според понудениот медиумски план биле реализираните радио и телевизиски спотови и објави во печатот.

На овој начин, Генералниот секретаријат и Комисијата многу вешто прикриле важни информации кои се од јавен интерес, го оневозможиле новинарот во своето истражување, не давајќи доволно образложени причини за штетноста на податоците. Затоа, преку овој пример, ги повикуваме Генералниот секретаријат и Комисијатата, во иднина да се „Осмелат“ како што е мотото на кампањата за која новинарот барал податоци, и да го повторат тестот на штетност и да дозволат пристап до бараните информации, не само за оваа, туку и за другите кампањи кои ги спроведувала и ги спроведува Владата.

Ова посебно од причина што Комисијата и Генералниот секретаријат го одбиле пристапот и до бараната информација: „Медиа план за кампањата за позитивни искуства од областа на туризмот и позитивни навики на граѓаните со цел повикување и задржување туристи“.

**Со овие Решенија, Комисијата го затворила пристапот до една многу чувствителна тема, трошењето на милионски суми за владини реклами и кампањи, чија исплата е од буџетот и затоа, не може да се верува дека тестот на штетност бил спроведен целосно и толкуван правилно.**

Меѓу жалбите кои се прифатени и е задолжена Агенцијата за електронски комуникации да постапи по барањето е бараната информација на новинарка од Скопје,

која побарала по електронски пат да и биде доставена „Фотокопија од фактура за направени трошоци за одржана конференција во месец мај 2012 во Охрид“.

Агенцијата не постапила по барањето, жалбата била усвоена, а Комисијата задолжена да постапи и да одговори на барањето.

Комисијата, со решение од август 2013 година, прифатила жалба на новинар и го задолжило Министерството за внатрешни работи, најдоцна до 16 септември 2013 да му ја даде на барателот следната информација која била содржана во барањето: Колку тужби имаат поднесено припадници на МВР против МВР во 2012 година.

Според решението на комисијата, одговорот на Министерството во кој го известуваат барателот дека водењето на судските постапки е доста сложено и комплексно, дека истите траат и повеќе години и можат да се повторат и по 5 години од нивната правосилност, не го содржи одговорот кој бил баран.

На министерството му се дадени околу 20 дена, рок во кој треба на барателот да му ја достави информацијата.

Од овие примери можат да се извечат две тези според бројот на жалби иницирани од новинари: од една страна имаме мал број на жалби што треба да значи дека институциите одговарале навреме и квалитетно, но од друга страна, анкетите покажаа дека новинарите малку го користат законот и немаат интерес, па од таму тоа е доказ зошто не иницираат постапки по жалба или со тужба пред судовите во случаи кога нивните барања се одбиени.

Ако се спореди бројот на предмети кој бил во работа пред Комисијата а кој во 2012 изнесувал 10, во 2013 година 10, а во 2014 заклучно со ноември 2, тогаш се наметнува заклучокот дали институциите кои не им одговарале на граѓаните, невладините организации или други правни субјекти, имале друг аршин кон новинарите или правопорционално, не одговарале и на нивните прашања а новинарите се откажувале од водење на правна постапка, што се утврди од нивните искажувања добиени во рамки на анкетите.

Кон тезата дека барањата им биле одбивани, но тие не сакајќи да се впуштаат во правни процедури говорат и резултатите од анкетата и интервјуата направени со фокус групи на новинари во овој проект, од чии одговори јасно произлегуваат заклучоците: дека новинарите малку и недоволно го користат законот, а додека од тие што го користат, само малкумина се обидуваат пред Комисијата или пред Управнот суд да ја добијат бараната информација бидејќи се свесни дека по толку долг период кој треба да помине, информацијата која ја барале веќе нема да биде актуелна и да им користи.

Во прилог е решение на Комисијата која ја запрела постапката со заклучок, по жалба на новинар, затоа што во меѓувреме имателот на информација доставил одговор.

**Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер постапувајќи по Жалбата изјавена од М.Ј. од Скопје, поднесена против Агенцијата за катастар на недвижности, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, врз основа на член 32 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на РМ" бр.13/2006, 86/2008, 6/2010 и 42/2014), а во врска со член 223 од Законот за општата управна постапка, на седницата одржана на 27 октомври 2014 година, го донесе следниот**

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ЗАПИРА постапката по Жалбата изјавена од М.Ј. од Скопје, поднесена против Агенцијата за катастар на недвижности, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер:**

**"1. Листа на медиуми каде што се емитувала рекламата за Агенцијата за катастар (печатени, електронски и веб-портали) за што договор е склучен со Друштво за маркетинг Њ.М.Њ.И. КОМПАНИ ДОО Скопје на 05.06.2014 година.**

**2. Цената на чинење на емитувањето на рекламата за секој медиум одделно ", поради тоа што барателот ги добил бараните информации.**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, согласно член 28 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на РМ" бр.13/2006, 86/2008, 6/2010 и 42/2014), ја разгледа Жалбата заведена во Комисијата под број 07-787 на 14.10.2014 година, изјавена од М.Ј. од Скопје, поднесена, против Агенцијата за катастар на недвижности, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер и другите списи во врска со предметот и го утврди следното:**

**Како што се наведува во Жалбата, М.Ј. од Скопје на 03.09.2014 година поднела Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено во Агенцијата за катастар на недвижности под бр.10-16053/1 на 09.09.2014 година, со кое побарала по пошта или е-маил да и достават фотокопија или препис од следната информација:**
**"1. Листа на медиуми каде што се емитувала рекламата за Агенцијата за катастар (печатени, електронски и веб-портали) за што договор е склучен со Друштво за маркетинг Њ.М.Њ.И. КОМПАНИ ДОО Скопје на 05.06.2014 година.**

**2. Цената на чинење на емитувањето на рекламата за секој медиум одделно. Агенцијата за катастар на недвижности, како што се наведува во Жалбата, на ова Барање не одговорила во законски предвидениот рок, по што се смета дека Барањето е одбиено и е поднесена Жалба до Комисијата.**
**Комисијата со допис бр.07-787 од 16.10.2014 година, ја препрати Жалбата до Агенцијата за катастар на недвижности и побара во рок од три дена да се произнесе по истата и до Комисијата да ги достави сите списи во врска со предметот.**
**Агенцијата за катастар на недвижности на 22.10.2014 година достави Одговор на Жалба заведен под број 03-18670/2 од 22/10.2014 година, а во Комисијата под број 07-787.**

**Во прилог на Одговорот Агенцијата ги достави сите списи во врска со предметот. На 22.10.2014 година, Агенција за катастар на недвижности достави е-маил до Комисијата заведен под број 07-787 на 24.10.2014 година.
Во Дописот е наведено: "Во врска со доставената Жалба од М. Ј. од Скопје со прилог и прилог на овој маил Ви доставуваме потврда од пратен маил до барателот на информации од јавен карактер М.Ј.. Истите документи се пратени и во хартиена форма, за што дополнително ќе добиете повратница за примена пратка штом документите ке бидат доставени."
М. Ј. од Скопје на 24.10.2014 година до Комисијата достави е-маил, заведен под бр.07-787 во кој наведува дека добила одговор по бараните информации.
Врз основа на наведеното, Комисијата утврди дека Агенцијата за катастар на недвижности на постапила по Барањето, но со задоцнување. Комисијата констатира дека во конкретниот случај битно е дека имателот постапил по Барањето, а барателот добил одговор наБарањето. Согласно член 44 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер „Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противредност за прекршок ќе му се изрече на службеното лице за посредување со информации кај имателот на информацијата доколку во предвидениот рок неосновано не ја посредува информацијата согласно со членот 21 од овој закон".
Поради ова, Комисијата одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок. Овој Заклучок е конечен во управната постапка и против него нема место за жалба.**

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против овој Заклучок може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

# *9. ПОСТАПКИ ПРЕД УПРАВНИТЕ СУДОВИ*

Користејќи го правото за добивање на информации според Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Институтот за човекови права. Во рамки на проектот „Прашувај" од Управниот и од Вишиот упавен суд бараше податоци за бројот на предмети по кои постапувале овие судови, а кои се однесуваат на слободниот пристап до информации од јавен карактер.

На прашањето: „Колку жалби во последните 5 години биле поднесени против одлуките на Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер, колку од нив биле мериторно одлучени, колку вратени на повторно одлучување и дали во периодот од 5 години имало поднесени жалби на одлуките на Управниот суд до Вишиот управен суд во делот на слободен пристап до информации од јавен карактер", Управниот суд го достави следниов одговор:

**-Во периодот од 5 години (2009-2014 година) против одлуките на Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер биле поднесени 84 жалби од кои:**

**-во 2009 биле донесени 8 одлуки по жалби на решенијата на Комисијата, од кои судот 5 потврдил, 1 укинал, 1 преиначил и 1 отфрлил,**

**-во 2010, Управниот суд донел 17 одлуки по жалби на решенијата на Комисијата, и тоа: 11 потврдил 1 укинал и 4 преиначил,**

**-во 2011 управниот суд постапувал по 52 жалби, од кои 51 решение на комисијата било потврдено, а 1 жалба била отфрлена**

**-во 2012 биле во работа бил 6 жалби, од кои Управниот суд 5 решенија на Комисијата потврдил а 1 орфлил**

**-во 2013 година била донесена 1 одлука против решение на Комисијата и таа е потврдена, а според податоците на Управниот суд во оваа година имало поднесено 43 тужби против решенијата на Комисијата а по 11 од нив имало донесено одлуки**

**-во 2014 година, заклучно со месец ноември немало донесена ниту една одлука по овој основ во Управниот суд, а според нивната статистика имало поднесено 14 тужби против Решенијата на Комисијата**

**Управниот суд достави два одговори на барањата до Институтот за човекови права и податоците од едниот и другиот одговор се разликуваат во бројките за 2013 и 2014 година, но ви ги претставуваме така како што ги презентираше статистички Управниот суд.**

**Вишиот управен суд на прашањето: „Колку пресуди донел во 2012, 2013 и 2014 година по одлуките на Управниот суд за кои биле поднесени жалби, во делот на слободен пристап до информации од јавен карактер" ги достави следниве податоци:**

**-Во 2012 година во Вишиот управен суд биле примени 19 предмети и тоа 18 по жалба против пресудите на Управниот суд, а една била за извршување пресуда. За сите жалби во тековната година судот донел одлуки.**

**-Во 2013 година биле примени 60 жалби против одлуките на Управниот суд и за сите имало одлуки.**

**-Во 2014 година, заклучно со месец октомври биле примени 5 жалби против одлуките на Управниот суд и за истите судот донел одлуки.**

**Сепак, до крајот на 2014 поднесени биле поднесени уште три жалби, па судот во работа имал вкупно осум предмети, по жалби на одлуки на Управниот суд, од кои за пет се донесени одлуки од страна на Вишиот Управен суд.**

Одлуките на судот се карактеризиират по својата едноличност, најголемиот број од нив само ја потврдуваат одлуката на првостепениот суд, без притоа да навлезат во нејзиниот меритум, а сепак од поднесувањето на жалбата до донесувањето на одлуката од страна на судот било потребно време од најмалку една година.

**Управниот суд со Пресуда од 2013 година, ја одбил како неоснована тужбата на тужителите Л. Ц. изјавена против Решението на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап од информациите од јавен карактер од 2012 година.**

Тужителите со Барање за пристап до информации од јавен карактер на 28.12.2011 година, се обратиле до Владата и побарале информација со Заклучок на Владата во последните 23 месеци е одлучено за групата воени пензионери за кој е определен аконтативен износ на нивните пензии, за конечниот износ на тие пензии остварени според прописите од поранешна СФРЈ. Точниот назив бројот и датумот на овој Заклучок не ни е познат.

Владата не одговорила во законски предвидениот рок поради што тужителите сметале дека нивното барање е одбиено и на 02.02.2012 година поднеле жалба до Комисијата.

Комисијата со допис од 07.02.2012 година ја препратила жалбата до Владата и побара во рок од 3 дена да се произнесе по истата. На 08.02.2012 година Владата до тужениот орган доставила Решение со кое се одбива пристапот до бараната информација. Незадоволни од ова Решение тужителите на 21.02.2012 година до Комисијата поднеле проширување на жалбата против Решението на Владата.

Постапувајќи по ова проширување Владата доставила одговор од 29.02.2012 година во кој наведува дека останува на наводите во предметното Решение. Тужениот орган по разгледување на жалбата, одговорот на жалбата и другите списи во врска со предметот го донела решение од 15.03.2012 година со кое жалбата на тужителите ја одбила како неоснована бидејќи согласно член 6 став 1 точка 1 од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер имателите на информации можат да одбијат барање за пристап до информација во согласност со Закон ако информацијата се однесува на информација која врз основа на Закон преставува класифицирана информација со соодветен степен на тајност.

Против Решението на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, тужителите поднеле тужба до Управниот суд, кој со побиваната пресуда ја одбил како неоснована, наоѓајќи дека оспореното решение е правилно и во согласност со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Судот одлучил дека информацијата преставува класифицирана информација само затоа што е означена како "интерна" без притоа да побара дополнителни информации за да објасни зошто инфромацијата за износот на пензиите на воените пензионери би ја загрозиле јавната безбедност, одбраната, надоврешните работи и безбедностите и разузнавачки активности на органите на државната управа, како што предвидуваат домашните закони и дали бил спроведен неопходниот тест на штетност во конкретниот случај, на што упатува Законот во случаи кога се одбива барањето за добивање на информација.

**Управниот суд со Пресуда од 01.11.2012 година исто така ја одбил како неоснована тужбата на тужителот Фондација „Институт Отворено Општество *Македонија*“ од С, против решението на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер од 01.07.2011 година.**

Имено, со Решение од 07.04.2011 година на Министерството за ... е одбиено барањето на тужителот до наведениот орган да му се достави следната информација: „Колку привремени вработувања преку Агенциите за привремени вработувања се реализирани во министерството во периодот од 01 јануари 2010 година до 20-ти февруари 2012 година“. Органот го донел решението со образложение дека бараната

информација не претставува информација од јавен карактер и согласно член 6 став 1 точка 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, претставува исклучок од правото за слободен пристап, бидејќи е класифицирана информација со соодветен степен на тајност, односно „строго доверливо". Судот одлучува дека Решението е донесено и согласно член 8 став 2 алинеја 1 од Правилникот за класифицирани информации на Министерството за ... и член 8 став 2 од Законот за класифицирани информации.

Дури и Вишиот управен суд потврдува дека податокот „Колку привремени вработувања преку Агенциите за привремени вработувања се реализирани во министерството во периодот од 01 јануари 2010 година до 20-ти февруари 2012 година" односно бројка привремени вработувања претставува информација која е " од значење за јавната безбедност, одбраната, надворешните работи и безбедносните и разузнавачките активности на органите на државната управа, а чие неовластено откривање би предизвикало исклучително сериозна штета за виталните интереси на земјава"-како што пропишува Законот.

**Како значаен пример за тоа дека органите, иматели на информации можат да ја одоговлекаат постапката доколку не сакаат да ја дадат бараната информација е случајот во кој предмет на управен спор пред Управниот суд била тужба на Фондот за здравствено осигурување, Скопје со која се оспорува решение на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер од 27.12.2012 година со кое жалбата на „*Македонското* здружение на млади правници", поднесена против Фондот за здравствено осигурување, Скопје, по барањето за пристап до информации од јавен карактер била уважена и бил задолжен Фондот за здравствено осигурување на барателот да му ја достави бараната информација, најдоцна во рок од 15 дена од доставувањето на Решението, на начин и во форма наведени во барањето.**

Тужителот ФЗОМ со тужба повел управен спор пред Управниот суд оспорувајќи го наведеното решение на тужениот орган, Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

Управниот суд во 2013 година тужбата на тужителот ја отфрлил како недозволена, со образложение дека тужителот во конкретниот случај не бил странка во управната постапка, туку бил орган кој ја водел првостепената постапка и одлучувал како првостепен орган во постапката по барањето на *Македонското* здружение на млади правници односно учесник во постапката како странка, а врз основа на законски пропишана надлежност.

Судот оценил дека тужителот ФЗОМ, одлучувал како првостепен орган и истиот не може да поведе управен спор против Решението на второстепениот орган односно Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, кој орган одлучувал по жалба на Решението на првостепениот орган.

Во конкретниот случај тужителот ФЗОМ одлучувал по Барањето за пристап до информации од јавен карактер, а Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер е второстепен орган кој одлучува по поднесените жалба. Ова значи дека тужителот има процесна положба на првостепен управен орган против чија одлука е дозволено изјавување на жалба, па за истата правна работа не може истовремено да има и положба на странка и да биде тужител во управниот спор.

Во овој случај судот одлучил правилно во согласност со законот. Сепак со поднесувањето на тужба од страна на орган кој што е имател на информација во дадениот случај го забавува и оневозмочува добивањето на бараната информација за најмалку една година.

**Во 2013 вкупно се примени 60 предмети по жалби на Управен суд до Вишиот управен суд. Од кои дури 90% се поднесени од страна на невладини организации, "Транспарентност Македонија" и ФООМ. Најголемиот број од поднесените барања се однесуваат на барање на информации до политичките партии.**

Имено, невладината организација "Транспарентност Македонија" има поднесено Барање за пристап до информации од јавен карактер до повеќето помали и поголеми политички партии во текот на 2011 година, каде што барале фотокопија од првиот квартален извештај, фотокопија од годишните сметки за финансиско работење и слично, односно информации кои се врзуваат за изборите во 2011 година.

Одлуките на судот во однос на сите жалби се исти, односно судот одлучил дека правилно одлучил Управниот суд кога тужбата на тужителот ја одбил како неоснована наоѓајќи дека Решението на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер е правилно и законито. Управниот суд нашол дека согласно член 25 став 3 од Законот за финансирање на политичките партии, политичките партии се должни да доставуваат квартални извештаи за добиените донации до Министерството за финансии, Управа за јавни приходи и Државниот завод за ревизија.

Согласно член 27 став 1 и 2 од истиот закон, истите се должни најдоцна до 31 март во тековната година да изготвуваат и доставуват годишни финансиски извештаи до Државниот завод за ревизија. Согласно член 27а од Законот за финансирање на политичките партии, годишниот финансиски извештај политичките партии го објавуваат на својата веб страница, во најмалку еден дневен весник, како и во Службен весник.

**-Врз основа на наведеното правилно е стојалиштето на Управниот суд, дека на овој начин се обезбедува транспарентност на финансиско материјалното работење на политичките партии, како и информираност на јавноста и целосен увид на граѓаните и надлежните органи за контрола на активностите на политичките партии поврзани со обезбедувањето на финансиските средства неопходни за дејствување и работа- наведува Вишиот Управен суд.**

Исто така, Вишиот Управен суд заклучува дека правилен е и заклучокот на Управниот суд дека заради овие причини политичките партии не се наоѓаат на листата на иматели на информации од јавен карактер, бидејќи согласно законските одредби правните субјекти до кои се доставуваат финансиските извештаи се државни органи кои што се иматели на информациите и до кои треба да се упати тужителот и ја побара бараната информација.

Судот наведува дека на тужителот не му е ускратено правото на пристап до бараната информација од причина што истиот своето барање може да го поднесе до државните институции кои ја примиле информацијата и на тој начин да ја обезбеди истата.

Од друга страна пак, има случај од истата година, кога ФООМ поднела барање до Централниот регистар , со кое ја барале следната информација од јавен карактер: фотокопија од годишните сметки за финансиско работење за 2009 година на сите политички партии во земјава, кои ја исполниле обврската согласно член 26 од Законот за финансирање на политичките партии.

Постапувајќи по барањето Централниот регистар со допис од 23.02.2011 година, го известил подносителот на барањето дека за да ја добие бараната информација во електронска форма треба да уплати надоместок од 14.679,00 денари согласно тарифата на Централниот регистар.

Судот нашол дека правилно одлучил Управниот суд кога тужбата на тужителот ја одбил како неоснована наоѓајќи дека Решението на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер е правилно и законито. Управниот суд правилно заклучил дека е правилно стојалиштето на тужениот орган дека доколку пристапот до информации во институцијата, имател на бараната информација е регулиран со посебен закон, согласно кој постои друга постапка и тарифник според кој се наплаќа надоместок на материјалните трошоци за добивање на информацијата кои претставуваат сопствен извор на приходи, тогаш институцијата постапува согласно тој закон.

Ова од причина што имателот на информацијата доставил известување до барателот на информацијата со кое го упатува дека доколку е заинтересиран да ја добие информацијата во електронска форма ќе треба да уплати надоместок од 14.679,00 денари.

Понатаму, решавајќи друг случај, по жалбата на тужителот ФООМ, изјавена против Пресудата на Управниот суд од 01.11.2012 година, за слободен пристап до информации од јавен карактер, Вишиот управен суд повтроно потврдува дека одредена информација поради тоа што е означена како „интерна" претставува класифицирана информација, без притоа да навлезе во објаснување каква штета би нанела.

Имено, тужителот на ден 02.02.2011 година поднел барање за пристап до информации од јавен карактер до Владата, Канцеларија на Претседателот на Владата

и побарал по пошта да му се достави следната информација: „Фотокопија од дневните редови на одржаните седници на Владата во 2009, 2010, заклучно со 15.01.2011 година“.

Владатаи Канцеларија на претседателот со Известување го известила тужителот дека не располагаат со бараната информација и дека барањето по службена должност е проследено во Генералниот секретаријат на Владата. Постапувајќи по препратеното барање, Генералниот секретаријат на Владата со Решение од 14.02.2011 година го одбил пристапот до бараната информација со образложение дека истата била класифицирана со степен „интерно“.

Незадоволен од ваквото решение тужителот поднел жалба на ден 22.02.2011 година до Комисијата која со допис од 28.02.2011 година ја препратила жалбата до Владата, Генерален Секретаријат и побарала да се произнесе по истата, за што е доставен и одговор на жалба во кој се наведува дека Генералниот Секретаријат на Владата постапил согласно член 6 став 1 точка 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, според кој имателот може да одбие пристап до информација доколку истата врз основа на закон претставува класифицирана информација со соодветен степен на тајност.

**Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер со оспореното решение ја одбил жалбата на тужителот од причина што врз основа на спроведената постапка по жалба е утврдено дека бараните информации дневни редови на одржаните седници на Владата во 2009, 2010, заклучно со 15.01.2011 година, претставуваат дел од записници од наведените седници, а првата страна на секој записник носи степен на класификација „интерно“ и истата е извршена врз основа на членот 7, став 3 од Законот за класифицирани информации од овластеното лице.**

**Управниот суд со побиваната пресуда, ја одбил како неоснована тужбата на тужителот наоѓајќи дека оспореното решение е правилно и со него не е повреден законот на штета на тужителот.**

**Судот притоа ја оправдува донесената одлука само преку цитирање на законските одредби, без притоа тие одредби да ги поврзе со дадениот случај.**

Од сите донесени одлуки од страна на Вишиот управен суд, само со една пресуда се уважува жалбата на тужтелот и пресудата на Управниот суд се преиначува и пресудува.

Тужителот на ден 02.11.2007 година поднел Барање за пристап до информации од јавен карактер до Комисијата за заштита на правото за пристап до инфрмации од јавен карактер, од 02.11.2007 година, со кое барал имателот на информацијата да му ги достави по пошта на наведената адреса следните информации од јавен карактер: дали во соседна Грција постои Закон за слободен притап, дали некој во нашата земјарасполага со истиот, односно како може да дојде до содржината на истиот, дали во

Грција, постои истиот орган и каде и во кои градови, со наведување на седиште, адреса, телефонски број, факс и слично, дали може да му се достави примерок фотокопија или слично од нивниот образец за барање за слободен пристап на информации од јавен карактер, како и образец за поднесување жалба.

Комисијата, на тужителот му доставила Известување од 19.11.2007 година, со кое го известила дека не располага со бараните информации.

Тужителот поднел жалба против известувањето по неговото барање за пристап до информации од јавен карактер, која донела Решение бр.07552/2 од 09.01.2008 година, со кое жалбата се отфрла како неоснована, со образложение дека против писмено известување согласно член 26 точка 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барателот нема право да поднесе жалба.

**Тужителот поднел тужба за поведување управен спор. Управниот суд со обжалената пресуда од 07.10.2011 година, ја одбил како неоснована тужбата на тужителот наоѓајќи дека оспореното решение е правилно и со него не е повреден законот на штета на тужителот.**

**Вишиот управен суд утврдил дека пресудата на Управниот суд е незаконита.**

Согласно член 3 став 1 алинеја 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РМ" број 13/06 и 86/08), „иматели на информации" се органите на државната власт и други установи и институции утврдени со закон, органите на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, јавните установи и служби, јавните претпријатија и правни и физички лица кои вршат јавни овластувања и дејности од јавен интерес утврдени со закон.

Според алинеја 2 од истиот член, информација од јавен карактер е информација во која било форма која ја создал и со која располага имателот на информацијата, односно со неа располага само имателот на информацијата, согласно со неговите надлежности.

Согласно член 6 став 1 точка 2 од истиот закон, имателите на информација можат да одбијат барање за пристап до информација во согласност со закон, ако информацијата се однесува на личен податок чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци.

Согласно член 18 став 1 од истиот закон, ако имателот на информации што го примил барањето не располага со бараната информација веднаш, а најдоцна во рок од десет дена од денот на приемот на барањето е должен да го препрати барањето до имателот на информации кој според содржината на барањето е имател на информацијата и за тоа ќе го извести барателот.

Согласно член 20 став 1 од истиот закон, ако имателот на информацијата позитивно

одговори на барањето за тоа ќе изготви записник. Според став 2 од истиот член, ако имателот на информацијата барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ке донесе решение. Според став 4 од истиот член, ако имателот на информацијата во рокот утврден во членот 21 на овој закон, не му овозможи на барателот пристап до информацијата и ако не донесе и не му достави на барателот решение од ставот (2) на овој член, се смета дека барањето е одбиено по што може да се поднесе жалба.

Согласно член 21 став 1 од истиот закон, имателот на информацијата е должен веднаш да одговори по приемот на барањето на барателот, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

Согласно член 28 став 1 од истиот закон, против решението со кое имателот на информацијата го одбил барањето во рок од 15 дена има право на жалба до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Согласно став 2 од истиот член, барателот има право да поднесе жалба до Комисијата која имателот на информацијата не постапил во согласност со членовите 20 став 4, 24 став 4 и 26 став 1 од овој закон.

Во конкретниот случај, Вишиот управен суд утврди дека Комисијата не постапила согласно своите надлежности и со Известие бр.07552/2 од 19.11.2007 година го известила барателот на информацијата дека не располага со бараната информација.

Врз основа на изнесеното, Вишиот управен суд одлучувајќи по жалбата ги прифатил жалбените наводи на тужителот кои се однесуваат на погрешна примена на материјалното право.

При ваква фактичка и правна состојба на работите, Вишиот управен суд нашол дека со пресудата на Управниот суд е повреден законот на штета на тужителот.

Според судот при постапувањето во конкретниов случај првостепениот орган не располагал со бараната информација од јавен карактер, но наместо да го препрати барањето до имателот на информацијата кој според содржината на барањето е имател на информацијата, тој го известил барателот со писмено известување дека не располага со бараните информации. Потоа Комисијата постапила по вложена жалба на известувањето поднесено од страна на тужителот на начин што со оспореното решение ја отфрлила како неоснована при што е повредена одредбата од членот 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Управниот суд исто така погрешно постапил кога тужбата на тужителот ја одбил како неоснована.

# 10. ИНТЕРВЈУА СО НОВИНАРИ (ФОКУС ГРУПА)

Во непосредната анкета, преку директни интервјуа или одговарање на прашања со специфична фокус група беа опфатени 45 новинари, од 30 медиуми: телевизии и радија на национално и локално ниво, дневни и неделни весници и интернет изданија –портали, кои одговараа на покарактеристични прашања врзани со нивното искуство при барање и добивање на одговори според слободен пристап до информации. Врз основа на нивните одговори, каде што набројуваа институции кои одговориле или не одговориле на нивните барања составена е и листата на нај транспарентни институции и на најзатворени институции кои не одговарале на барањата.

Бидејќи поголем дел од оваа фокус група на новинари, кои поднесувале барања и работат на истражувачки стории кои ги објавиле во нивните медиуми или на специјализирани портали кои поддржуваат истражувачки стории како независни, надворешни проекти, има искуство со транспарентноста на институциите, убедени сме дека листата составена по овој принцип, ја отсликува реалната транспарентност на институциите, според принципот на нивното постапување.

**Беа анкетирани 45 новинари од следниве медиуми: МТВ програма на *македонски* јазик, програма на албански јазик, програма на турски јазик, *Македонско* радио - програма на *македонски* јазик, ТВ Телма, 24 Вести, Фокус, ТВ Нова, Утрински Весник, Радио Слободна Европа, Радио канал 77, БИРН, Република, ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, Телегаф.мк, ТВ Вис Струмица, ТВ Кисс Тетово, ТВ М Охрид, ТВ Тера Битола, ТВ Здравкин Велес, Радио Слободна Македонија, Инбокс 7, Нова Македонија, Дневник, Вечер, Сител. Вест, Тв Канал 5, Плус Инфо, Слободен печат, Радио МОФ.**

**Дел од новинарите не одговорија на одредени прашања бидејќи не го користеле законот или не поднесувале правни средства кога ќе бидат одбиени нивните барања.**

Анкетираните новинари од медиумите низ државава, одговараа дека не го користеле законот или ретко и дека тој закон го користат новинарите од Скопје кои работат истражувачки теми. Тие не го практикуваат затоа што следат само дневни настани и немаат време за други жанрови или пак наведуваа дека секојдневните настани не им оставаат простор за работа на истражувања, а и да побараат некој одговор врзани се за институции во Скопје, а тоа им го отежнува барањето на информации.

Правењето на црна и бела листа на транспарентни и нетранспарентни институции е релативно менлива категорија, но во овој момент, имаме ваква ситуација, која со јавно потенцирање на добрите и лоши практики треба да биде сериозен поттик за преиспитување на сопствената работа. Листата за транспарентност добива на тежина кога ќе се разгледаат и одлуките на Управните судови и кога ќе наидете на примери каков што

е тој со Фондот за здравство содржан во Анализата на одлуките, кој тужи пред Управниот и Вишиот управен суд, оспорувајќи решение на Комисијата која го задолжила да достави одредена информација до барателот.

Фондот за здравство нема законско право да поведе Управен спор, но и покрај тоа, оваа институција заведувала управни спорови и пред Основниот и пред Вишиот Управен, само за да купат време, свесни дека двата суда ќе пресудат на нивна штета, како што постапиле судовите во конкретниот предмет, наведувајќи дека Фондот за здравство не може да води управни спорови против решението на Комисијата која го задолжила да ја достави бараната информација.

И покрај тоа што по завршување на судските постапки, барателот ја добил информацијата, основното прашање кое се поставува тука е: дали таа информација, добиена по три години има употреблива вредност? И, дали во ваквите случаи треба да се предвидат санкции за институцијата и одговорното лице во неа кои намерно, со поведување управни спорови не ја исполниле законската обврска да ја дадат бараната информација.

Овој пример е доволно илустративен и да се размисли за вклучување на Државниот правобранител во управните постапки, каде што ќе биде потребно задолжително писмено мислење и согласност пред поведување на спор, а се со цел да се заштити државниот интерес, преку штедење на средства кои се потрошиле за водење на постапки во кои државните органи или воопшто имателот на информацијата без правен основ поведувал судски постапки и на тој начин го оштетува и Буџетот и не го спроведува законот.

## 10.1. ПРАШАЛНИК ЗА ИНТЕРВЈУ СО НОВИНАРИ

1. **Колку често го користите законот за слободен пристап до информации од јавен карактер?**

-6 новинари одговорија дека го користат, но не многу често

-16 новинари одговорија дека воопшто не го користеле

-4 новинари одговорија дека поднеле од 5до 10 барања годишно

-3 одговорија дека го користеле често, но не за работа во матичната редакција, туку кога конкурираат за работа на истражувачки стории

-4 новинари одговорија дека го користеле често

-1 новинар одговори дека правото го користи редовно, на неделно ниво

2. **Дали барањата за слободен пристап сте ги испраќале до локални или до државни институции и иматели на информации?**

-15 луѓе одговорија дека испраќале барања и до локални и до национални институции во зависност од тоа каква тема работеле

-4 одговорија дека поднесувале барања до локални институции (општина, суд, инспекции)

-10 луѓе одговорија дека не испраќале барања за добивање на информации по слободен пристап

3. **Наведете ни барем три карактеристични случаи на кои се сеќавате, на кои не сте добиле одговор, а според ваше мислење не станува збор за тајни податоци и требало да ги добиете?**

-не добиле податоци за:

- сметки и други документи за патување на градоначалникот во странство

- за бројот на нововработени во општината и нивната национална структура

-колку пари дала општината за невладини организации и за кои проекти

-податоци за корисници на социјална помош во општината во која живее и не ги добил

-сите трошоци за реклами кои ги плаќа Владата,

-трошоци запатување на премиерот при посети за привлекување странски инвестиции,

-трошоци за патувања на новинари со валдини делегации,

-трошоци за Скопје 2014,

-сопствеништво на медиуми,

-за продажба на државно земјиште за изградба на хотели,

-трошоци за реклами во странски медиуми,

-трошоци за субвенционирани авионски карти,

-трошоци направени пред Меѓународниот кривичен суд во Хаг,

-број на притворени лица,

-број на заштитени сведоци,

-исплата на штети за неосновано осудени,

-број на вработени во слободните економски зони (субвенционирани вработувања),

-број на привремено ангажирани вработени преку агенции за вработување,

-договори за концесии за истражување и ископ на минерални суровини

-не добиле одговори од министерството за финансии за одобрените вработувања во општината

-не добиле одговори на прашања поставени за повеќе теми од Министерствата за внатрешни и надворешни работи, од министерството за финансии, Народната Банка, Министерството за економија, за транспорт и врски, за труд и социјална политика, за правда, Генерален секретаријат на Влада, Државен инспекторат за труд, Агенција за електронски комуникации, Антикорпциска комисија, Министерство за култура, Управа за јавни приходи, Агенција за катастар и недвижности, Централен регистар, град Скопје, општина Гостивар, општина Врапчиште,

-другите 15 одговорија дека не се сеќаваат на што не им било одговорено (5), односно дека не поднеле барања (10)

4.**Што направивте во случајот кога не ги добивте бараните информации, дали ги објавивте вашите истражувања и без овие податоци и дали тоа влијаеше врз финалниот производ на сторијата, врз квалитетот?**

**-**8 одговорија дека ги објавиле сториите и дека приказната и без тоа била комплетна и читана

-4 одговорија дека не ја објавиле сторијата

-19 одговорија дека ако не добијат податоци од институции се двоумат дали да ја објавуваат сторија

5. **Наведете барем три случаи на кои се сеќавате каде што сте ги добиле бараните информации во законски предвидениот рок или претходно?**

-само двајца посочија дека добиле податоци од судот и од јавното обвинителство во рекорден рок од 1 до 3 дена во писмена форма,

- 15 или не се сеќаваа дека добиле податоци пред рокот

-2 добиле податок од Министерството за економија

-1 од општина Велес

-2 од Министерството за труд и социјална политика

-и во по 1 случај, барањата во рокот биле одговорени од Платежна агенција, Министрствата за транспорт и за животна средина, Царинска управа, Катастар, Основен суд Скопје 1, Основен суд Куманово, Управен суд, Виш Врховен суд, Општините: Прилеп, Гази Баба, Центар..

6. **Дали ви се случило институциите на крајот од законски утврдениот рок да ви дадат одговор дека прашањето не ви е доволно јасно поставено или дека тие не се надлежн, односно ја немаат таа информација**?

-7 новинари одговорија дека воопшто никој не ги контактирал,

-7 одговорија дека не биле контактирани, но во писмениот одговор се видело дека не добиле целосен одговор затоа што институцијата не го разбрала прашањето

-3 одговорија дека добиле одговор дека не постои проект Скопје 2014 година, кога барале податоци за финансирањето на проектот „Скопје 2014“. Истиот одговор го добил и од Министерството за култура и од општина Центар

-14 одговорија дека не барале податоци

7.**Дали службеникот ве контактирал телефонски и барал дообјаснувања од вас или ве прашал дали сте задоволни од добиените одговори во некој од случаите од каде што сте барале информации**?

-3 одговорија дека биле контактиран и прашани дали се задоволен од одговорот

-23 одговорија дека немале такво искуство некој да ги праша дали се задоволни од добиените информации

-3 одговорија дека биле контактирани за дообјаснување

-1 одговори дека го контактирале дали одговорот да му биде испратен по пошта или на емаил, но како одговр добил само законски цитиран текст

8. **Ваш генерален впечаток, зошто не ви одговараат на барањето?**

-затоа што сте критички настроени како новинар или медиум (11 одговорија со ДА на ова прашање)

-затоа што се плашат дека од бараните информации ќе откриете злоупотреби во институцијата (16 одговорија се плашат од барањето бидејќи не знаат за што ги барате)

-Или не ја сфаќаат сериозноста на Слободниот пристап до информации од јавен карактер?

(7 одговорија дека џабе ни е законот кога тој не се применува како што треба)

9. **Дали сте добиле побрзо информации ако прашањето сте го поставиле како новинар од телевизија, весник, портал, радио или видот на медиумот не зависел при добивње на информациите?**

**-**15 одговорија дека телевизиите побргу добивват информации

-7 одговорија дека весниците чекаат најдолго но имаат и најмногу простор и време да ги објават добиените информации

-7 не одговорија затоа што немале искуство со користење на законот

**-** 1 одговори дека странските медиуми секогаш добиваат побргу одговори, наспроти домашните

# 11. <u>ОН-ЛАЈН АНКЕТА ПОМЕЃУ НОВИНАРИ</u>

Покрај интервјуата кои беа направени со новинари од фокус групата која беше таргетирана од наша страна дека работи на истражувања а со тоа очекувано е почесто да го користи законот, со помош на Здружението на новинарите (ЗНМ), до сите нивни членови беше испратена он-лајн анкета, во која, новинарите имаа можност да одговараат и на прашања кои се врзани со надлежноста на институциите, со содржината на законот и да даваат нивни предлози кои би ја подобриле примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

- На прашањето: дали го користите законот за слободен пристап до информации од јавен карактер**: 45 проценти одговориле дека го користат, 35 проценти дека ретко го користат, а 20 проценти од нив се изјасниле дека воопшто не го користат**
- На прашањето: дали бараните информации ви биле доставени навремено: **90 проценти од анкетираните новинари одговориле дека барањата не ги добиле**

**навреме, а 10 проценти одговориле дека воопшто не им било одговорено на барањето**

- **-**На прашањето: дали институциите одговориле на вашите барања во целост, **сите анкетирани одговориле дека секогаш добивале делумни одговори**
- На прашањето дали била објавена сторијата за која биле барани податоци, а тие не биле добиени: **45 проценти од новинарите изјавија дека ја објавиле сторијата, 35 проценти одговорија дека не објавиле стории, а 20 проценти се изјаснија дека ги објавиле сториите и потенцирале дека не ги добиле бараните податоци**
- На прашањето: дали сте поднеле жалба во случаите кога не било одговорено на вашето прашање**, 80 проценти од анкетираните новинари одговорија дека не поднеле, а само 20 отсто се изјаснија дека поднеле жалба**
- На прашањето дали била прифатена нивната жалба, од тие кои поднеле**: 35 проценти одговорија дека им била прифатена, 15 проценти одговорија дека предметот бил вратен на повторно одлучување, а 50 проценти дека жалбата им била одбиена**
- На прашањето: дали институцијата постапила по напатствијата и ја добиле бараната информација: **35 проценти одговорија дека ја добиле информацијата, 50 проценти дека не ја добиле информацијата, а 15 проценти од новинарите одговорија дека не само што не ја добиле информацијата, туку органот повел и управна постапка**
- На прашањето како ја оценувате работата на Комисијата**, само 10 проценти одговориле со добра, 70 проценти од новинарите ја оцениле како лоша, а по 10 проценти од новинарите дале оцена: слаба и задоволителна**
- **-**На прашањето дали сте поднеле тужба до Управниот суд: **80 проценти од анкетираните одговориле дека не поднеле, 10 проценти рекле дека поднеле тужба само во еден случај, а 10 проценти рекле дека тужеле неколку пати**
- Од тие кои се жалеле пред Управниот суд, **80 проценти одговорија дека предметот бил вратен на повторно одлучување, а 20 проценти се изјаснија дека тужбата им била одбиена**
- **Сите анкетирани новинари одговорија дека не се жалеле пред Вишиот управен суд**
- На прашањето за каков вид на стории сте го користеле законот**, 30 проценти одговориле дека барале информација за во вести и дневни изданија, 50 проценти од новинарите го користеле за истражувачки стории кои ги подготвувале и подолго од 30 дена, а 20 проценти одговориле дека им бил неопходен за стории на неделно ниво**

- **-**На прашањето дали знаат дека се предвидени санкции за службеникот кој нема да одговори во законскиот рок, **70 проценти од анкетираните новинари одговориле дека знаат, а 30 проценти се изјасниле дека не биле запознати**
- **-**На прашањето, дали недобивањето на информацијата влијаело врз работата на новинарите и како**: 70 проценти од анкетираните рекле дека тоа влијаело негативно, 10 проценти се изјаснија дека не влијаело на нивната работа, а 20 проценти одговорија дека недобивањето на информацијата излегло во нивна корист**
- На прашањето, дали сте се соочиле со закана од имател на информација да не ја објавувате сторијата за која барате податоци: **30 проценти одговорија дека се соочиле со директни закани, 35 проценти одговорија дека имале индиректни притисоци, а 35 проценти одговорија дека не се соочиле со некаква форма на закана или притисок**
- **-**На прашањето: што би промениле во законот: **сите анкетирани одговориле дека би сакале да се скрати рокот од 30 на 15 дена за добивање на бараните информации**
- Сите анкетирани до еден одговориле дека **треба да се зголемат казните за одговорните лица во случај ако не одговорат на време на бараната информација**
- Анкетираните новинари дале и свои предлози**: јавно да се опоменат и да се казнат институциите, иматели на информации кои нема да ги објават или не назначиле лица за посредување со информации, да се намали рокот на 3 дена за одговор на усно барање и да се истакне судската пракса на Управните судови и на врховниот суд, кој еднаш веќе одлучувал за одредено правно прашање и по истото да не може да биде одбиено барање.**

## 12. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ:

Врз основа на изнесеното во анализата, кое е резултат на 6 месечно следење и анализа на законската поставеност како и на одлуките на Комисијата и на Управните судови, се дефинираат следниве заклучни согледувања и препораки:

**1.Зајакната контрола врз имателите на информации и нивно почитување на законските обврски: рокот во кој треба да одговорат на барањата, редовно ажурирање на листата на информации од јавен карактер на веб страниците, како и ажурирање на податоците за лицето задолжено за последување со информации**

**2.Отворање на дебата за исклучоците од законот, дали сегашните дефиниции по 9 годишно функционирање на законот можат да се стеснат, предефинираат и прецизираат врз основа на досегашната пракса**

**3.Посилна контрола од страна на Управните судови, кои при потврдување на решенијата за исклучок од добивање на информации нема да се повикуваат само на конкретната одредба, туку да дадат и образложение зошто одредена информација означена со степен на доверливост „интерно“ не може да подлежи на законот**

**4.Градење на судска пракса и запознавање со неа на имателите на информации, за да не се повтори, имател на информација, кој не може да биде странка во управна постапка да заведува спор и на тој начин да го оневозможи добивањето на бараната информација**

**5.Загрижува податокот дека новинарите малку го користат Законот, или пак институциите не одговараат, што на директен начин се предизвикува штета на квалитетното истражувачко новинарство, а со тоа и на правото на граѓаните да бидат информирани**

**6.Загрижува инертноста на новинарите даподнесуваат правни лекови за остварување на правото кога е одбиено нивното право, не верувајќи дека постапката би завршила во краток и ефикасен временски период, за да можат да ја искористат бараната информација**

**7.Да се земат во вид укажувањата на новинарите за скратувања на роковите од 30 на 15 дена, како и од 5 на 3 работни дена за поднесено усно барање**

# ПРИЛОГ 1:

# ЦРНА ЛИСТА НА НАЈЗАТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ

**Врз основа на анкетите и интервјуата со новинарите, формирана е т.н. црна листа на најнетранспарентни институции, врз основа на податоците за неодговарње на барањата поднесени по Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер:**

**1.Министерство за финансии;**

**2. Генерален секретаријат на Влада;**

**3.Министерство за внатрешни работи;**

**4.Министерство за култура;**

**5.Фонд за здравство;**

**6.Министерство за правда;**

**7.Комисија за спречување на корупција;**

**8. Државен завод за ревизија;**

**10.Министерство за здравство.**

**Проектот е имплементиран во рамки на проектот „Акциска мрежа за добро владеење“ спроведен од Метаморфозис, Македонски центар за европско образование и Реактор - Истражување во акција**